Во однос на Вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер пратено до Врховен суд на Република Македонија, заведено под СПИ.бр.21/2021 од 25.05.2021 година, констатирано е дека барањето се однесува на обвинети и осудени сторители на кривични дела против животната средина, опфатени во Глава XXII од КЗ, за периодот 2014-2019 година.

Во Основен суд Гевгелија за периодот 2014-2019 година не е формиран предмет што се однесува на кривичното дело Пустошење на шума од чл.226 од КЗ.

Додека за кривични дела против животната средина, опфатени во Глава XXII од КЗ, за периодот 2014-2019 година, во овој суд се формирани:
- за кривичното дело Незаконит риболов - против 10 обвинети а кои се осудени со пресуда на овој суд;
- за кривичното дело Узурпација на недвижности - против 3 обвинети, а кои се осудени со пресуда на овој суд;
- за кривичното дело Незаконит лов - против 4 обвинети, а кои се осудени со пресуда на овој суд;
- за кривичното дело Мачење животни - против 1 обвинет, а кој е осуден со пресуда на овој суд.

Со почит,
Основен суд Гевгелија